РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
24-03-2023 Бр.-Nr. 02-675/1
20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Н А С О К И

# ЗА ТОЛКУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЧЕЛАТА СОДРЖАНИ ВО ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, декември 2022 година**

## СОДРЖИНА


Вовед ........ 3
А. ЦЕЛ И ОПФАТ НА КОДЕКСОТ ........ 4
Б. КУЛТУРА НА ИНТЕГРИТЕТ ........ 6
1. НЕПРИСТРАСНОСТ ........ 7
2. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 8
3. ОБЈЕКТИВНОСТ ........ 10
4. НЕЗАВИСНОСТ ........ 12
5. ЧЕСНОСТ И ЛИЧЕН ИНТЕГРИТЕТ ........ 13
8. СТРУЧНОСТ ........ 15
9. ПРОФЕСИОНАЛНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ........ 16
10. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА ........ 19
11. ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРТЕНТНОСТ ........ 20
10. ЕТИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ........ 22

**Вовед**

По стапувањето во сила на новиот Закон за Судскиот совет на Репубика Северна Македонија (2019), се наметна потребата да се преиспита и измени Етичкиот кодекс на Судскиот совет за да ги одрази измените во новиот закон.

Улогата и надлежностите на Судскиот совет беа појдовна точка за менување и ажурирање на Етичкиот кодекс.

Етичкото однесување е предуслов за професионализам и зајакнување на перцепцијата за постоење и почитување на владеењето на правото. Ажурираниот Етички кодекс и овие Насоки ќе го подобрат воспоставувањето и одржувањето на културата на интегритет во Судскиот совет и во сите негови интеракции во и надвор од правосудниот сектор.

Сите членови и целиот персонал на Судскиот совет треба да бидат подобро информирани и поконкретно свесни какво однесување се очекува од секој од нив, како мора тие да се однесуваат со другите во Судскиот совет, како и со судиите и другите засегнати страни, особено вклучувајќи ја и пошироката јавност. Примената на насоките во пракса ќе придонесе за подобро разбирање на етичките начела и ќе обезбеди насоки за најсоодветно прилагодување на однесувањето во согласност со ажурираниот Етички кодекс.

Етичкиот кодекс е одраз на тоа каков тип на организација сака да биде Судскиот совет и кои етички начела и вредности сака да ги усвои за да се раководат во работата во Судскиот совет и надвор од него.

Методологијата на содржината на насоките е кратко објаснување за секое етичко начело, неговото значење, сличности и врски со другите начела, идентификување на начините за соодветна имплементација на етичкото начело, како и опис на однесувања кои би можеле да го загрозат ефективното имплементација на овие начела.

Секој треба да стане свесен дека покажување со личен пример како изгледа почитувањето на етичките начела во секојдневната работа и нивното влијание врз интеракцијата со членовите и вработените се клучни елементи кои ќе придонесат за зајакнување на перцепцијата во јавноста за присуството на култура на интегритет во Судскиот совет.

Од голема важност е прашањата и дилемите кои предизвикуваат сомнеж или би можеле да доведат до согледани или фактички прекршувања на Етичкиот кодекс, да бидат изнесени и дискутирани во Судскиот совет. Постојат многу сиви зони и дискусијата е најефективниот начин да се одлучи како Судскиот совет би сакал да се справува со такви ситуации. Мора да бидат достапни процедури и механизми за да се олеснат ваквите дискусии.

Објавувањето на ажурираниот Етички кодекс ќе испрати порака до судиите, претседателите на судовите, судиите поротници и пошироката јавност за важноста што Судскиот совет му го придава на етичкото однесување и неговата експлицитна желба да ги спроведе начелата споменати во Етичкиот кодекс.

# А. ЦЕЛ И ОПФАТ НА КОДЕКСОТ

***Цел на Кодексот***

Промоција на етичко однесување преку воспоставување култура на интегритет во сите активности на сите нивоа во Судскиот совет при внатрешната и надворешна комуникација, како и одбегнување на појава на (потенцијално) неетичко однесување или недостиг од интегритет

***Цел на Насоките***

- Да им помогне на членовите и персоналот на Судскиот совет да разберат какво однесување бараат етичките начела во пракса, за да му помогнат на Судскиот совет да одбегне ненамерни прекршувања на Етичкиот кодекс и да одбегне појава на неетичко однесување.
- Да придонесе за зајакнување на довербата на јавноста во Судскиот совет, што е исто така релевантно и важно за довербата на луѓето во правосудниот сектор како целина

***Како да се применува Кодексот?***

Секој член и персонал на Судскиот совет треба да придонесе за спроведување на Етичкиот кодекс преку негово почитување и преку лично однесување во согласност со етичките начела

***На кого се однесува Кодексот?***

- Сите членови и вработени во Судскиот совет
- Членот на Судскиот совет по службена должност треба да го почитува овој Кодекс во однос на активностите при учество во работата на Советот или какви било активности поврзани со Судскиот совет.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија е обврзан да постапува согласно Етичкиот кодекс на судиите
- Министерот за правда е обврзан да постапува согласно Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од Владата

***Спрема кого членот на Советот треба етички да се однесува?***

- Спрема сите останати членови на Судскиот совет
- Во односите со генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Судскиот совет
- Во сите интеракции со судии, претседатели на судови, судии-поротници (судството има свој етички кодекс и Етичкиот кодекс на Судскиот совет не го заменува Етичкиот кодекс на судиите)
- Во други интеракции каде членот или персоналот го застапува или може да се смета дека директно или индиректно го претставува Судскиот совет

***Кога треба членот на Советот да се придржува кон Кодексот?***

- На работното место и при извршување на работните задачи и одговорности на Судскиот совет со надворешни и внатрешни организации, групи и поединци.
- Членовите на Судскиот совет мора да внимаваат на своето однесување, изглед и пристојност надвор од работното време во согласност со мандатот на Судскиот совет.

***Како да се толкуваат начелата содржани во Кодексот?***

- Сите етички начела треба да се сфатат како дел од еден единствен концепт на етничко однесување
- Начелата меѓусебно се поврзани, се надополнуваат и се испреплетуваат

***Кој може да иницира расправа дали некое етичко начело е повредено?***

- Поединечен член на Судскиот совет
- Член на персоналот кој е сведок или доживеал прекршување на Етичкиот кодекс
- Генералниот секретар или членот на персоналот кога однесувањето влијае на нив,
- Доколку претседателот на Советот добие претставка во оваа смисла од судија, судија поротник, претседател на суд или вработен во судска служба, тој ја предлага точката на дневен ред.

***Родово неутрална интерпре-тација на изразите***

Изразите што се користат во Насоките треба да се сфатат како родово неутрални и да се интерпретираат како применливи еднакво на сите луѓе од сите родови

## Б. КУЛТУРА НА ИНТЕГРИТЕТ

За да се изгради култура на интегритет Судскиот совет треба да се перцепира како тело кое ги промовира, почитува, артикулира и имплементира основните етички вредности. За да се постигне ова не е доволно само постоење на акти и процедури, туку да биде видливо дека тие се почитуваат и во теоретска и во практична смисла.

Културата на интегритет подразбира да го зборуваме она што го правиме и обратно, да го правиме тоа што го зборуваме. Впечатокот за постоење култура на интегритет се добива од односот помеѓу членовите, текот на седниците, образложението и мотивите на донесените одлуки, спроведување на постапките, изјавите дадени во јавноста и способност соодветно да се комуницира со јавноста.

Култура на интегритет се врзува за колективно тело, за орган, но таа се изградува преку однесувањето, постапувањето и одлучувањето на секој член на Судскиот совет и персоналот вработен во него. Тоа е концепт кој подразбира дека секој член на Судскиот совет покажува свест за значењето на функцијата што ја врши, поседување знаење, вештини, искуство, самосвест и самоконтрола во секоја комуникација, однесување, постапување и одлучување во Судскиот совет и со надворешни субјекти и поединци. Секој член е должен постојано да ја има на ум важноста, целта и круцијалната улога што Судскиот совет ја има во системот на правосудството во Република Северна Македонија.

Култура на интегритет не се стекнува, таа се гради, се промовира и одржува преку востановени постапки, однесување и ставови на целиот персонал во Судскиот совет. Таа се изградува врз основа на личните квалитети што треба да ги поседува лицето што е избрано за член на Советот и на сите други лица што работат во Судскиот совет, врз основа на постојните политики и процедури како и нивото на нивната имплементација и спроведување.

**Поединечни премиси за работата на Судскиот совет:**



# 1. НЕПРИСТРАСНОСТ

***Работење и постапување објективно и професионално и не се дозволува приватен интерес да влијае врз вршење на професионални обврски и должности***

**Значење**

Непристрасноста подразбира однесување, постапување или одлучување при кое членот нема личен интерес од крајниот исход на преземеното дејствие или донесената одлука, со што се одбегнува ризикот од субјективизам или фаворизирање. Непристрасноста е аспект блиско поврзан со професионалноста и објективноста.

Непристрасното однесување ја зголемува довербата во работата и функционирањето на Судскиот совет.

Секој член треба да биде непристрасен и не смее да влијае врз пристрасноста во работењето на другите членови. Почитувајќи ја непристрасноста членот ја оправдува довербата што ја добил од оние кои го избрале (ако е судија), односно кои го предложиле (за членовите што ги бира Собранието на РСМ).

Промена на ставот при одлучувањето не мора секогаш да значи повреда на непристрасноста, туку во определени случаи може да биде резултат на релевантни и основани аргументи што биле изнесени, поради кои дошло до промена на ставот кај членот на Советот. Оттука, дали се постапува непристрасно или не, е фактичко прашање.

**Како се остварува начелото на непристрасност?**

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога при работењето се свесни дека личната непристрасност придонесува за доверба во одлуките на Судскиот совет и го покажуваат тоа во нивното однесување
- Членовите на Судскиот совет го имплементираат ова начело со обезбедување дека се бара изземање за сите прашања каде што членот и/или нејзините/неговите роднини имаат потенцијален или вистински личен интерес за одлуката и нејзините исходи или кога постојат други судири на интереси, што би можело да спречи непристрасност според стандардот на разумен набљудувач. Доколку се утврди таков судир на интереси и по прегледот се заклучи дека ќе ја спречи непристрасноста според стандардот на разумен набљудувач, тогаш ќе се донесе мотивирана одлука за изземање на член(ови) на Судскиот совет и негова/нивна заменет со член на Судскиот совет кој може да работи непристрасно
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога постапуваат објективно и одлучуваат според сопствениот професионален став и во соодветната законска рамка и надлежностите на Судскиот совет.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со постапување или одлучување без фаворизирање на која било од странките или трето лице кое може да има интерес за исходот на случајот

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога личните ставови (пријателски односи, непријателски односи, предрасуди, одмазда, љубомора, завист итн.) не влијаат врз нивните постапки и одлучување и кога би можело да настане судир на интереси, се постапува како што е наведено погоре
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со одбегнување на однесување, дејствија или донесување одлуки кои го нарушуваат кредибилитетот и угледот на Судскиот совет, вклучително и појавата на какви било можни проблеми со етиката.

**Како може начелото на непристрасност да се загрози?**

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со донесување одлуки во определен правец, иако постои причина да се верува дека постои основа за судир на интереси што допрва треба да се процени и заклучи.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога постојат лични интереси во однос на исходот на дејствието или одлуката
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога врз дејствијата или одлуките се носат под друго влијание а не врз основа на фактите и околностите на предметот.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога близок роднина има лични интереси за конечниот исход на актот или одлуката и тие формално не бараат да бидат изземени од некоја работа
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога ќе дознаат за постоење на околности кои можат да предизвикаат сомнеж за нивната непристрасност во очите на разумен човек и не го информираат Судскиот совет за тоа.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога својот став, мислење или одлука го засноваат на пријателски односи со судија или претседател на суд, а не единствено врз основа на околности на случајот и факти.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога го менуваат својот став или позиција поради туѓо несоодветно влијание
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со тоа што им даваат приоритет на личната корист пред мандатот, фактите и доказите

## 2. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

***Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз некоја дискриминаторска основа***

**Значење**

Дискриминација се појавува кога односот, ставот или одлуката е резултат на

некои предрасуди, стереотипи, говор на омраза и процена заснована врз ирелевантни карактеристики и води кон нерамноправен третман. Основите за дискриминаторско однесување се пропишани со посебен закон, тие се сеопфатни, но законот остава можност и за други основи кои може да се оценат како дискриминаторски во еден конкретен случај. Сите основи кои се сметаат за дискриминација се релевантни и подеднакво важни: раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Како дискриминаторско може да се смета однесување кое претставува малтретирање, дискредитирање или вознемирување од кој било вид. Психичко вознемирување подразбира негативно однесување од поединец или група кое се повторува, континуирано и систематски и кое претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на лицето и предизвикува чувство на страв или создава непријатност и пониженост. Полово вознемирување е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на лицето кон кое е упатено, а кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност и/или пониженост.

**На кој начин се остварува начелото на недискриминација?**

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога сите основи за дискриминација се распространети, познати, разбрани и препознаени во Судскиот совет и сите членови и вработени во Судскиот совет постапуваат во согласност со сите законски одредби и одбегнуваат каков било дискриминаторски третман во Судскиот совет или во неговите односи со надворешни страни и поединци
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со прифаќање на различностите без да се загрозат начелата на непристрасност, професионалност и објективност
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога одбегнуваат понижување на лице поради неговите лични карактеристики или која било друга дискриминаторска основа.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со одбегнување на сите форми на вознемирување кон другите членови и вработени во Судскиот совет

**Како може да се загрози начелото на недискриминација?**

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога различно постапуваат со луѓето и институциите поради некои дискриминаторски основи или со непреземање дејствија да се спречи воочено дискриминаторско однесување
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело обраќајќи им се на луѓето со навредливи прекари или други погрдни изрази.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога искажуваат мислења кои ги означуваат судиите поротници како помалку важни од

професионалните судии.

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога искажуваат став дека некој не е доволно способен само поради нејзината/неговата сексуална ориентација или која било друга основа што се смета за дискриминаторска.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со користење на говор на омраза во комуникацијата со колегите и другите вработени или со дискриминација или говор на омраза кон колеги и други лица преку социјалните мрежи
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со поддршка на туѓото дискриминаторско однесување или со неуспехот да се спротивстават на туѓото дискриминаторско однесување
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со преземање дејствија (вербално, невербално или физичко однесување) на сексуално вознемирување
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со навредливи или омаловажувачки коментари
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со однесување кое го загрозува достоинството, интегритетот, угледот и честа на одредена личност врз основа на дискриминација.

## 3. ОБЈЕКТИВНОСТ

***При постапувањето и одлучувањето членот на Судскиот совет се раководи само и исклучиво од сопственото убедување, став и мислење ослободено од предрасуди, туѓи влијанија или лични интереси***

### Значење

Објективноста се почитува кога се делува исклучиво врз основа на знаење, вештина, искуство и лични ставови, кога членот силно верува дека таквото дејство или одлучување е најсоодветно и може да биде добро аргументирано. Објективноста е тешко да се зачува во многу случаи поради менталитетот, блиските врски, пријателства и сл. Објективно се постапува кога обврските што членот на Судскиот совет ги има согласно законот, деловникот и другите релевантни акти ги врши најдобро што знае и умее, без влијание однадвор (од законодавната, извршната или судската власт), или од внатре (од членови или вработени во Судскиот совет). Објективноста подразбира изградување на сопствениот став врз основа на достапните документи и акти, во контекст на законските обврски. Секој човек има некои свои лични сфаќања, предрасуди, планови, интереси и сл., но тие не смее да му влијаат врз работата. Објективно се постапува секогаш кога во позадината на ставот или одлуката нема скриено остварување на сопствените или туѓите интереси, придобивка за себе или за друг, не се очекува некоја противуслуга, подарок и сл. Објективноста подразбира неучество во каква било активност или врска што може да го наруши или да се претпостави дека го нарушува непристрасното расудување или го доведува членот на Судскиот совет во судир на интереси.

Објективноста е во тесна врска со независноста и непристрасноста, но има

допир и со професионалноста. Тие се испреплетуваат и се надополнуваат, па со одредени однесувања и постапувања повеќе начела може да се повредат во исто време.

## На кој начин се остварува начелото на објективност?

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со мислења засновани само врз основа на знаење, вештини и искуство
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со одбрана на ставот на Судскиот совет со основани аргументи засновани врз факти.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со подготвеност и отвореност за појаснувања и коментари за заземениот став на Судскиот совет или донесената одлука.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со познавање на важечките закони, подзаконски акти, деловник и други релевантни акти
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со тоа што не дозволуваат личните интереси да влијаат на нивните постапки и/или одлуки
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело преку воспоставување регистар за подароци и поставувајќи јасни правила и насоки во однос на тоа какви видови подароци може да се прифатат како поединец или во име на Судскиот совет како превентивна мерка и со примена на механизми за известување за евидентирање случаи на подароци, услуги или други понудени поволности
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело преку одбегнување комуникација со политичките и деловните структури во врска со постапките и/или одлуките и активно настојуваат да спречат појава на какви било прашања во однос на ова начело.

## Како може да се загрози објективноста?

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело секогаш кога има судир на интереси што може да влијае врз членот на Судскиот совет, а којшто не се оценува и не се следи со цел ефективно да се надмине
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога еден или повеќе членови на Судскиот совет требало да дејствуваат под влијание на интервенции на претставници на законодавната, извршната или судската власт, член или вработен во Судскиот совет. Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со менување на однесувањето, постапките и одлуките на Судскиот совет по добиениот подарок или други бенефиции
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со тоа што ќе остварат некаква корист за себе или за друго лице како контрауслуга за донесената одлука.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело преку поврзување со деловни структури кои имаат корист од дејствијата и/или одлуките што ќе се преземат.

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога комуницираат со политички и деловни структури што е видливо на социјалните мрежи и платформи (објави, фотографии, видеа, лајкови на коментари итн.)

## 4. НЕЗАВИСНОСТ

***При постапувањето и одлучувањето, членот на Судскиот совет настапува со култура на независност, компетентност, интегритет и чесност***

### Значење

Независноста во постапувањето на членовите на Судскиот совет е особено важно ако се имаат предвид неговите надлежности во однос на изборот и оценувањето на судиите и претседателите на судовите и унапредување на судиите. Овие одлуки Судскиот совет мора да ги носи единствено врз основа на системот на околностите и фактите во случајот. Мешовитиот состав на Судскиот совет се смета за предност која помага во одбегнувањето на перцепцијата на лични интереси, самозаштитување и протекции и овозможува дополнителен извор на легитимност. Членовите на Судскиот совет, без оглед дали се или не се судии, мора да ја негуваат својата компетентност, искуство, разбирање на судскиот живот и културата на независност. Со личната независност во однесувањето, постапувањето и одлучувањето, секој член на Судскиот совет придонесува за негово функционирање како тело за заштита, поддршка и развој на улогата на судството и неговата независност. Членот на Судскиот совет во своето однесување треба да води сметка за остварување на функционалниот легитимитет којшто произлегува од довербата на јавноста создадена преку квалитетна работа, транспарентност и отчетност во работењето.

Независноста подразбира постапување и одлучување врз кое нема да имаат влијание никакви политички, бизнис или внатрешни влијанија, притисоци и насочување на работењето на некој член на Судскиот совет.

### На кој начин се остварува начелото на независност?

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога работат без промена на мислењата, однесувањето, постапките и одлуките поради нелегитимни влијанија на други или оние кои се засноваат на лични придобивки за член или членови на Судскиот совет.
- Членовите на Судскиот совет го постигнуваат ова начело кога се спротивставуваат на сите обиди да се влијае врз нивното однесување, дејствија и одлуки кои би можеле директно или индиректно да ја загрозат независноста на Судскиот совет.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со самостојно одлучување според мерит системот за избор, именување, унапредување и разрешување на судии.
- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело кога сите одлуки се

носат независно од туѓи влијанија или интереси

- Членовите на Судскиот совет го спроведуваат ова начело со одбегнување на однесувања кои можат да создадат перцепција за кој било член или членови на Судскиот совет дека добиваат какви било директни или индиректни лични придобивки што може да влијаат на нивните постапки и одлуки во извршувањето на нивните должности.

Како може да се загрози начелото на независност?

- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело со разгледување или промовирање на некои политички или деловни интереси пред или за време на процесот на одлучување за некоја работа, наместо да постапуваат и одлучуваат по сопственото знаење, факти и вештини.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога постои уверување дека постои обврска за прилагодување на однесувањето и/или одлуката во зависност од интересите на актуелните политички партии или лица со политичко влијание во земјата.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога постои верување дека колегијалноста (водењето грижа за интересите на другите членови, кои следниот пат треба да гласаат во негово име) е поважна од самостојното одлучување.
- Членовите на Судскиот совет го загрозуваат ова начело кога постапките и/или одлуките се засноваат на индивидуален личен интерес на тој член на Судскиот совет или неговите/нејзините блиски роднини или пријатели

## 5. ЧЕСНОСТ И ЛИЧЕН ИНТЕГРИТЕТ

***Особини на личноста коишто подразбираат однос кон работата, колегите и јавноста кои подразбираат искреност, убедителност и бескомпромисност***

**Значење**

Чесноста е вредносна категорија која ја поседува личноста и ја манифестира преку искреност, верување во вистината, поседување морален интегритет и углед. Чесноста не познава компромиси и отстапувања под превезот на флексибилност и кооперативност. Личниот интегритет придонесува за зачувување на сопствениот углед и угледот на Судскиот совет. Личниот интегритет и интегритетот на Судскиот совет треба да се штити како во рамките на личната, непосредна, комуникација, така и во објави, постови, согласувања или несогласувања, коментари, објавени слики и видеа на социјалните мрежи и платформи. Чесноста и личниот интегритет се загрозуваат ако членот на Судскиот совет на било кој начин од позиција на член на Судскиот совет влијае односно врши притисок врз судиите, судиите поротници во врска со

одлучувањето по одредени предмети.

## На кој начин се остваруваат начелата на чесност и личен интегритет?

- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога работат на чесен, отворен и разумен начин за сите работи во кои учествуваат.
- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога работат совесно, вредно и посветено во сите работи во кои учествуваат.
- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога ги елаборираат аргументите и основите за своето однесување, постапки и одлуки
- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога имаат подготвеност да изразат мислење или став и да го елаборираат и изнесат аргументацијата за тоа.
- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога имаат волја да разберат други мислења и позиции и поттикнуваат дискусија во случај на различни ставови за исто прашање.
- Членовите на Судскиот совет ги спроведуваат овие начела кога не се впуштаат во какво било коруптивно однесување или други видови однесувања што може да го загрозат интегритетот на Судскиот совет или на еден или повеќе негови членови.
